

С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К

на

Општина Ранковце

Службен гласник наОпштина Ранковце Издавач:Општина Ранковце излегува по потреба	Година XXIV број 15 29 Декември 2023 година Ранковце	Гласникот е бесплатен

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година

1.Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/1
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 32 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 2/05), и член 23 став 1 точка 40 член 33 од Статутот на Општина Ранковце („ Службен гласник на Општина Ранковце “ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 33-та седница одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

Одлука
За формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година.

Член 2

Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година се формира како привремена Комисија на Советот на Општина Ранковце која ја изработува Програмата за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година.

Член 3

Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 престанува со работа кога ќе ја изврши задачата за која што е формирана односно кога ќе ја изработи Програмата за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година.

Член 4

Комисијата е составена од 5 (пет) члена.

Членовите на Комисијата се избираат од редот на членовите на Советот на Општина Ранковце.

Член 5

За Претседател на Комисијата се избира:
- Моме Спасовски ;

За Членови на Комисијата се избираат:
- Александра Стамболиска Јовановска;
- Даниел Павловски;
- Анета Цветковска; и
- Љубе Мицевски.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила 8 (осум) дена од денот на објавување во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-1273/4
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинаска соработка

1.Се прогласува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинаска соработка, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за воспоставување на меѓуопштинаска соработка, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/2

Општина Ранковце

29.12.2023 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 23 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце “ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 33-та седница одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А

за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка за вршење определени работи што се во надлежност на општините, а кои се однесуваат на инспекцискиот надзор (овластен градежен инспектор, овластен комунален инспектор и овластен инспектор за животна средина), од страна на Општина Крива Паланка за потребите на Општина Ранковце.

Член 2

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку склучување договори за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1273/5 **Совет на Општина Ранковце**
27.12.2023 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Буџетот на Општина Ранковце, за 2024 година

1.Се прогласува Буџетот на Општина Ранковце, за 2024 година, донесен на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2. Буџетот на Општина Ранковце, за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/3
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/02) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/20404, 67/07 156/09,47/2011, 192/15 и 209/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21,150/21 и 173/22) Советот на Општина Ранковце на 33 седница одржана на 27.12.2023 година, донесе:

БУЏЕТ
НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ ЗА 2024 ГОДИНА

1. Општ дел

Член 1

Буџетот на Општина **Ранковце** за **2024** година се состои од :

I. Вкупни приходи	**105.363.895**
Даночни приходи	11.450.000
Неданочни приходи	837.319
Капитални приходи	5.783.367
Приходи од дотации	50.339.000
Приходи од трансфери	30.410.655
Приходи од донации	6.543.554
II. Вкупни расходи	**117.517.459**
Од утврдени намени	117.467.459
Расходи од резерви	50.000
III. Дефицит	**-12.153.564**
IV. Финасирање	**12.153.564**
Прилив	**13.858.564**
Домашни задолжувања	7.742.216
Странски заеми	**0**
Депозит	6.116.348
Одлив	1.705.000
Отплата на главница	1.705.000

Член 2

Приходите на буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува:

БИЛАНС НА ПРИХОДИ

Ниво на: Ставка

		110.058.091	54.211.525	150.000	50.339.000	6.779.718	7.742.216	119.222.459
Категорија Ставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
			Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	Вкупни приходи
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**10.070.000**	**11.450.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**11.450.000**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	660.000	1.010.000	0	0	0	0	1.010.000
713	Даноци на имот	4.570.000	4.870.000	0	0	0	0	4.870.000
717	Даноци на специфични услуги	3.990.000	4.970.000	0	0	0	0	4.970.000
718	Такси на користење или дозволи за врШење на дејност	850.000	600.000	0	0	0	0	600.000
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**811.424**	**810.000**	**27.319**	**0**	**0**	**0**	**837.319**
722	Глоби, судски и административни такси	220.000	250.000	0	0	0	0	250.000
723	Такси и надоместоци	2.424	0	2.424	0	0	0	2.424
724	Други владини услуги	300.000	300.000	0	0	0	0	300.000
725	Други неданочни приходи	289.000	260.000	24.895	0	0	0	284.895
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**4.070.000**	**5.783.367**	**0**	**0**	**0**	**0**	**5.783.367**
731	Продажба на капитални средства	850.000	800.000	0	0	0	0	800.000
733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	3.220.000	4.983.367	0	0	0	0	4.983.367
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**95.106.667**	**36.168.158**	**122.681**	**50.339.000**	**6.779.718**	**0**	**93.409.557**
741	Трансфери од други нивоа на власт	94.926.935	36.168.158	122.681	50.339.000	236.164	0	86.866.003
742	Донации од странство	179.732	0	0	0	6.543.554	0	6.543.554
75	**ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**7.742.216**	**7.742.216**
754	Друго домаШно задолжување	0	0	0	0	0	7.742.216	7.742.216

БИЛАНС НА РАСХОДИ

Ниво на: Ставка

		110.058.091	54.211.525	150.000	50.339.000	6.779.718	7.742.216	119.222.459
Категорија Ставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
			Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**53.859.942**	**17.360.525**	**0**	**40.329.000**	**0**	**0**	**57.689.525**
401	Основни плати	35.252.511	10.392.800	0	28.124.000	0	0	38.516.800
402	Придонеси за социјално осигурување	15.196.314	4.067.725	0	11.545.000	0	0	15.612.725
404	Надоместоци	3.411.117	2.900.000	0	660.000	0	0	3.560.000
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**50.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.000**
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**28.716.816**	**15.108.000**	**150.000**	**9.580.000**	**176.164**	**0**	**25.014.164**
420	Патни и дневни расходи	580.000	500.000	0	70.000	0	0	570.000
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	11.080.000	4.810.000	20.000	3.675.000	0	0	8.505.000
423	Материјали и ситен инвентар	2.857.477	950.000	0	970.000	153.164	0	2.073.164
424	Поправки и тековно одржување	4.040.639	3.100.000	50.000	300.000	0	0	3.450.000
425	Договорни услуги	8.013.700	3.698.000	60.000	4.350.000	0	0	8.108.000
426	Други тековни расходи	2.145.000	1.750.000	20.000	215.000	23.000	0	2.008.000
427	Привремени вработувања	0	300.000	0	0	0	0	300.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**62.000**	**300.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**300.000**
451	Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори	62.000	300.000	0	0	0	0	300.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**1.502.930**	**3.838.000**	**0**	**150.000**	**0**	**0**	**3.988.000**
463	Трансфери до невладини организации	0	230.000	0	0	0	0	230.000
464	Разни трансфери	1.502.930	3.608.000	0	150.000	0	0	3.758.000
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**100.000**	**320.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**320.000**
471	Социјални надоместоци	100.000	320.000	0	0	0	0	320.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**24.061.403**	**15.530.000**	**0**	**280.000**	**6.603.554**	**7.742.216**	**30.155.770**
480	Купување на опрема и машини	7.451.403	3.730.000	0	100.000	0	0	3.830.000
481	Градежни објекти	0	1.200.000	0	0	0	0	1.200.000
482	Други градежни објекти	13.120.000	9.820.000	0	150.000	6.543.554	7.742.216	24.255.770
483	Купување на мебел	1.400.000	0	0	0	60.000	0	60.000
485	Вложувања и нефинансиски средства	490.000	780.000	0	30.000	0	0	810.000
486	Купување на возила	1.600.000	0	0	0	0	0	0

БИЛАНС НА РАСХОДИ

Ниво на: Ставка

		110.058.091	54.211.525	150.000	50.339.000	6.779.718	7.742.216	119.222.459
Категорија Ставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
			Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**53.859.942**	**17.360.525**	**0**	**40.329.000**	**0**	**0**	**57.689.525**
401	Основни плати	35.252.511	10.392.800	0	28.124.000	0	0	38.516.800
402	Придонеси за социјално осигурување	15.196.314	4.067.725	0	11.545.000	0	0	15.612.725
404	Надоместоци	3.411.117	2.900.000	0	660.000	0	0	3.560.000
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**50.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**50.000**
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	50.000	50.000	0	0	0	0	50.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**28.716.816**	**15.108.000**	**150.000**	**9.580.000**	**176.164**	**0**	**25.014.164**
420	Патни и дневни расходи	580.000	500.000	0	70.000	0	0	570.000
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	11.080.000	4.810.000	20.000	3.675.000	0	0	8.505.000
423	Материјали и ситен инвентар	2.857.477	950.000	0	970.000	153.164	0	2.073.164
424	Поправки и тековно одржување	4.040.639	3.100.000	50.000	300.000	0	0	3.450.000
425	Договорни услуги	8.013.700	3.698.000	60.000	4.350.000	0	0	8.108.000
426	Други тековни расходи	2.145.000	1.750.000	20.000	215.000	23.000	0	2.008.000
427	Привремени вработувања	0	300.000	0	0	0	0	300.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**62.000**	**300.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**300.000**
451	Каматни плаќања кон нерезиденти кредитори	62.000	300.000	0	0	0	0	300.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**1.502.930**	**3.838.000**	**0**	**150.000**	**0**	**0**	**3.988.000**
463	Трансфери до невладини организации	0	230.000	0	0	0	0	230.000
464	Разни трансфери	1.502.930	3.608.000	0	150.000	0	0	3.758.000
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**100.000**	**320.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**320.000**
471	Социјални надоместоци	100.000	320.000	0	0	0	0	320.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**24.061.403**	**15.530.000**	**0**	**280.000**	**6.603.554**	**7.742.216**	**30.155.770**
480	Купување на опрема и машини	7.451.403	3.730.000	0	100.000	0	0	3.830.000
481	Градежни објекти	0	1.200.000	0	0	0	0	1.200.000
482	Други градежни објекти	13.120.000	9.820.000	0	150.000	6.543.554	7.742.216	24.255.770
483	Купување на мебел	1.400.000	0	0	0	60.000	0	60.000
485	Вложувања и нефинансиски средства	490.000	780.000	0	30.000	0	0	810.000
486	Купување на возила	1.600.000	0	0	0	0	0	0

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Ранковце за 2024 година

1.Се прогласува Одлуката за извршување на Буџет на Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за извршување на Буџет на Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/3 **Општина Ранковце**
29.12.2023 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа(“Службен весник на Р.С.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.С.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07,бр.156/09,бр.47/11, 192/15и 209/18) и „Службен весник на РСМ ‘’ бр.244/19; 53/21; 77/21;150/21; и 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ’’ бр.54/05; 4/08;103/08; 456/09;95/10;180/11; 171/12; 192/15 и 167/16 и („Службен весник на

РСМ’’ бр.151/21) член 93 став 2 и член 94 – а од Законот за административни службеници („ Службен весник на РМ’’ бр.27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 80/16; 127/16; 142/16; 2/17; 16/27 и 11/18 и „Службен весник на РСМ’’ бр.275/19; 14/20; 215/21 и 99/22), одредбите од Гранскиот колективен договорза органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавни обвинителства, казнено-поравните и воспитно поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („Службен весник на РСМ’’ бр.51/20 и 172/21),), Колективен договор на Општина Ранковце бр.04-1420/1 од 29.12.2022 година член 23 ,став1 ,точка 4 од Статутот на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце„ бр 09/05 ,4/10 ,3/11, 11/15,4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 33-тата седницата одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

О Д Л У К А

за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2024година

Член 1

Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од:.Основен буџет, Буџет на самофинасирачки активности, Буџет на дотации, Буџет на кредити(заеми)и Буџет на донации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

Советот на општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најкасно до 15 ноември во тековна година.

Член 6

Пренаменета во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации,буџетот на донации и/или буџет на заемипланираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.

-коефициент за утврдување на плата на избрани и именувани лица во РСМ,Градоначалник се определува според број на жители и за Општина Ранковце изнесува е 2,70а основицата за пресметувањее просечната исплатена плата по вработен во Република Северна Македонија за претходната година според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика.

- за вработените кои имаат статус на административни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници која ја донесува Советот.

-за вработени кои немаат статус на административни службеницивредноста на бодот за утврдување на бруто плата се утврдува согласно Правилникот, а за вработените во Територијална противпожарна единица вредноста на бодотсе утврдува согласно Правилникот за плати, надоместоци од плати и други примања

Член 10

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финасираат со блок дотации се спроведува на следниот начини:

-Средствата се планираат на наменската сметка (930), а се извршуваат преку сметката- дотации на локални јавни установи (903),

-локалните јавни установи финасирани со блок дотации од општинскиот буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците: копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на

вработените по име и презиме, образец прилог 6,плата за месецот за кој се однесува платата.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финасии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотација.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

Член 12

На членовите на Совет на Општината Ранковце им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Ранковце се утврдува во процентуален износ и изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на Совет за раководењето и организирањето наработата на Советот,надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

.

Член 13

Регресот за годишен одмор за вработените во општинската администрација изнесува најмалку 60% од просечна исплатена месечна нето плата по вработен, подусловвработениотдаработелнајмалкушестмесецивокалендарскатагодинавоОпштина Ранковце. Регрес за годишен одмор се исплатува еднаш во календарската година, а најдоцна до крајот на тековната година.

Член 14

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоци за ноќевање изнесува 700,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утвредниот износ во ставот 1 од овој член

Износот на дневници за службено патување во странство се исплатува и тоа:

-50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на Општината.

-20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на Општината.

-5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

-една дневница- за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и

-половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство,како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

Член 15

Надоместок на трошоци за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 20 % од цената на литар гориво што го користи автомобилот за секој изминат километар со патен налог.

Член 16

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината,на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од две просечни нето плати по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

На вработениот во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување),му се исплаќа парична помош во висина од една просечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 1и2 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта ,односно во година која следи по годината на настапување на смртта.

За работниците ангажирани со договори за остапување на работник за привремени вработување ,средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работадавачот ,а исплатата ја врши Агенција за привремени вработувања

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината во програма Е0-Општинска администрација подставка 464990 – други оперативни расходи..

Член 17

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во Општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за исплата на платите и изнесува двократен износ од просечната исплатена месечна плата во Републиката за соодветниот месец во кој работникот заминува во пензија и се планира во Буџетот на општинат.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во Програма Д0 – Градоначалник на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

Член 18

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактуриво кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 19

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва-во програма А0-Совет на општина.), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 20

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2024година одлучува Градоначалникот на општина Ранковце во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- социјални надоместоци
- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации итрансфери до невладини организации,
- трансфери до спортски клубовии
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Ранковце.

Член 21

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 22

Вработувањата во општинската администтрација се вршат согласно актите за оргнизација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на општината и врз основа на Годишен план за вработување за 2023 година донесен од Градоначалникот по добиена претходна согласност од Советот на Општина Ранковце и добиено мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедните средства.Локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштита кои се финасираат со блок дотации може да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финасии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до наделжно министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.

Член 23

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 24

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто плата.

Член 25

Буџетот на Општина Ранковцесе извршува од 01.01.2024до 31.12.2024година.

Член 26

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ранковце, а ќе се применува од 01 Јануари 2024година.

Бр. 09-1273/7
27.12. 2023година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска - Јовановска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2024 година во Општина Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2024 година во Општина Ранковце, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2024 година во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/4

Општина Ранковце

29.12.2023 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15,5/16, 80/16, 127/16,142/16,2/17,16/17 I 11/18 и „Службен весник на РСМ‘‘ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на општина Ранковце, на 33-тата седницата одржана на 27.12.2023 година, донесе

ОДЛУКА

за утврдување на вредност на бодот за платите

на административни службеници за 2024 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на административни службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ранковце“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

Бр. 09-1273/8 **Совет на Општина Ранковце**
27.12.2023 година **Претседател,**
Ранковце **Александра Стамболиска - Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот за Општина Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот за Општина Ранковце, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот за Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/5
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 5 од Законот за даноците на имот(„Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07,102/08,35/11,84/12,188/13,154/15,192/15 и 23/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце(„Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.9/05,4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 33-татаседницата одржана на ден27.12.2023 година донесе:

О Д Л У КА
за утврдување пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметување на пазарна вредност на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделдско земјиште на територија на Општина Ранковце.

Член 2

При утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште се земаат во предвид просечните цени на извршените купопродажби во претходната година. Исто така при утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјите се зема во предвид видот на катастарската култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, можност за иритација, пристапност до парцелата со земјделска механизација, апсорбција на вода и слично.

Земјоделско земјиште погодно за плацеви и викендици се смета она земјиште кое е во промет помало од 1000м^2.

Член 3

Пазарната вредност на земјоделско земјиште опфатено со општ акт за село ќе се пресметува по вредност за м^2 како градежно неизградено земјиште;

Член 4

При утврдување на пазарната вредност на градежното изградено и неизградено земјиште се зема во предвид местоположбата на земјиштето, планираното односно утврдено право на градба и степенот на уреденост.

Член 5

Пазарната вредност на градежните објекти во населените места во општина Ранковце се пресметува согласно член 20 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот.

Член 6

Табеларниот преглед за утврдување на пазарна вредност на земјиште во Општина Ранковце е составен дел на оваа Одлука.

Член 7

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и прегледот кој е составен дел на Одлуката бр.09-1386/6 од 28.12.2022 година.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ранковце“

Бр.09-1273/9
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател.
Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8581/2 КО Петралица

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8581/2 КО Петралица, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8581/2 КО Петралица, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/6
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14,

124/15, 129/15, 217/15, 31/16и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 одПравилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05,04/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана наден 27.12.2023 година, донесе:

О Д Л У К А
За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8581/2, КО Петралица

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралицасе наоѓа на к.п.бр. 8581/2, КО Петралица, м.в. „Потрчин Дол“сопственост на Моме Пауновски.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичкапланска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе сепредвиди намена домувањево станбена куќа – А1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службенгласник на Општина Ранковце“.

Бр. 09-1273/10
27.12.2023 година
Ранковце

СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Претседател,
Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце, донесена на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/7
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ‘‘ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Сл. гласник на Општина Ранковце‘‘ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 33–та седницата одржана на 27.12.2023 година донесе

ОДЛУКА
За доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце

Член 1

Со оваа Одлука се доделува еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце.

Член 2

Еднократната парична помош за секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце изнесува 3.000,00 денари.

Член 3

За остварување на правото на еднократна парична помош од член 2 на оваа Одлука, родителите на новороденчето се должни кон барањето да приложат извод од матична книга на родените за новороденчето, фотокопија од лични карти од двајцата родители, (со исклучок за самохран родител потребно е фотокопија од лична карта од едниот родител и изјава за самохран родител заверена на нотар) и податоци за трансакциска сметка на еден од родителите.

Член 4

Барање за еднократна парична помош на секое новороденче се поднесува најдоцна во рок од 3 (три) месеци од датумот на раѓање на новороденчето.

Член 5

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Ранковце.

Средствата за исплата на еднократна парична помош од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Ранковце.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2024 година и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Ранковце‘‘.

Бр. 09 –1273/11
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за давање согласност на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година

1.Се прогласува Решението за давање согласност на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година, донесено на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Решението за давање согласност на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/8
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 33-та седница одржана на ден 27. 12. 2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За давање согласност на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1273/12
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2024 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2024 година, донесен на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/9
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 33-та седница одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2024 година

1. Со овој Заклучок се усвојува Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце за 2024 година бр**.** 0201-222/1 од 18.11.2023 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце со Одлука бр.0201-222/2 од 18.11.2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1273/13
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце

1.Се прогласува Решението за давање согласност на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, донесено на 33-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.12.2023 година.

2. Решението за давање согласност на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1296/10
29.12.2023 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавни

претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 2/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 4/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19,89/22 и 274/22) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 33-та седница одржана на ден 27.12.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

За давање согласност на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце, донесена под бр.0201-226/1 од 18.11.2023 година од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН-Ранковце.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1273/14
27.12.2023 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска,с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година**
2. **Одлука за формирање на Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2024 година**
3. **За прогласување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинаска соработка**
4. **Одлука за воспоставување на меѓуопштинаска соработка**
5. **Заклучок за прогласување на Буџетот на Општина Ранковце, за 2024 година**
6. **Буџетот на Општина Ранковце, за 2024 година**
7. **Заклучок за прогласување на Одлуката за извршување на Буџет на Општина Ранковце за 2024 година**
8. **Одлука за извршување на Буџет на Општина Ранковце за 2024 година**
9. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2024 година во Општина Ранковце**
10. **Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2024 година во Општина Ранковце**
11. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот за Општина Ранковце**
12. **Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот за Општина Ранковце**

13. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8581/2 КО Петралица**
14. **Одлука за утврдување на потребата за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п.бр.8581/2 КО Петралица**
15. **Заклучок за прогласување на Одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце**
16. **Одлука за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце**
17. **Заклучок за прогласување на Решението за давање согласност на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година**
18. **Решение за давање согласност на Програмата за работа на ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година**
19. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2024 година**
20. **Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2024 година**
21. **Заклучок за прогласување на Решението за давање согласност на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН – Ранковце**
22. **Решение за давање согласност на Одлуката за утврдена цена на работен час на мобилна градежна машина (скип) на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН – Ранковце**

_____/_____